РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-367/8
15-11-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10 - та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Предметот со бр.09-367/1 од 24.01.2024 година, оформен против лицето __________, член на Советот за ________ и член на ____________, **СЕ ЗАПИРА.**

По доставениот Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, поради констатирани повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, службеното лице изврши уплата на предвидената глоба и поради промена на фактичката состојба, ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 09-367/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива, со наводи дека лицето ________ ја извршува функцијата член на Советот ____________ избран и именуван од страна на Владата на РСМ со акт Решение за разрешување и именување на претседател и членови на Советот _____________ од 08.02.2022 година, во исто време ја врши и функцијата член на ______________, именуван од страна на Владата на РСМ со акт Решение за именување претседтел и членови на ______________________ од 26.12.2023 година.

ДКСК направи увид во поднесениот Образец Изјава на интереси од страна на лицето _____________ со број 09-7556/1 од 04.08.2022 година, по што утврди дека истиот истовремено ја врши функцијата член на Советот _________ и член на _________________. Констатираната состојба е спротивна на член 44 став (2) и (4) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имено ДКСК со допис Известување и барање на информации заведен под број 09-367/2 од 06.02.2024 година се обрати до лицето _________ во врска со тоа дали сеуште ги извршува горенаведените функции и доколку ги извршува/има престанок во прилог да ги достави актите за избор ( именување или назначување) / актот за престанок.

Лицето __________ достави писмен допис број 09-367/3 од 12.02.2024 година до ДКСК со кое што ја известува дека сеуште ги извршува горенаведените функции и во прилог на дописот достави Решение за именување претседател и членови на ______________ од 02.03.2022 година и Решение за именување претседател и членови ___________ година. Во врска со именувањето за член на Советот ___________ именуваниот достави копија од Службен весник _____ од 15.02.2022 година во кој актот за именување е објавен.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето _________ е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог. Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваниот во законски определениот рок до ДКСК достави уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Во законски предвидениот рок, _________ ја извести ДКСК со допис 09-367/7 од 05.08.2024 година и достави доказ електронска уплата на глобата во износ од 9.222,00 денари и Копија од барање за разрешување од должноста член на Советот за _____________ со кое бара од Владата на Република Северна Македонија да биде разрешен од истата функција на кое има приемен печат од Владата на РСМ на ден 01.08.2024 година.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител